РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-6537/1
08-08-2023 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) и Општина Струмица, и Договорот за соработка помеѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Општина Струмица , во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден 08.08.2023 година се објавува:

# Ј А В Е Н   П О В И К

до

евидентирани невработени лица за вклучување во

Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект “Посветена општина – среќни граѓани” за работно ангажирање со скратено работно време од 9 (девет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување - Центар за вработување Струмица.

**Вкупниот период на влученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 (девет) месеци во кој влегува обуката и работниот ангажман**.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа“ ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман 9 (девет) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ имаат сите невработени лица.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 13.750,00 денари бруто износ за времетраењето на работното ангажирање, со вклучени

данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

-долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица над 5 години);

- млади лица до 29 години;

- лица постари од 50 години;

- лица корисници на гарантирана минимална помош;

- лица корисници на паричен надоместок по основ на невработеност;

- лица кои имале статус на деца без родители и родителска грижа;

- жртви на семејно насилство;

- жени припадници на ромската етничка заедница и на останатите етничките заедници;

- самохрани родители;

- родители на деца со пречки во развојот;

- родители на 3 и повеќе деца;

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

**Работно место 1:** **<u>Образовен асистент на ученик со попреченост вклучен во редовен образовен процес во средно образование</u>**/ со следниве работни задачи:

- Четири часовно дневно ангажирање во СОУ “Никола Карев” Струмица;

- Пружење помош и поддршка на учениците со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава преку разни видови на индивидуализиран, диференциран и методолошки пристап во работата;

- Пружење помош и поддршка на наставниците преку асистирање во реализацијата на наставните активности;

- Помош и подршка на родителите преку соработка со истите;

-Соработка со заедницата;

-Соработка со стручните соработници и инклузивен тим на ученикот;

**Позиции за работно место 1: 1 (една) позиција**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 1: Високо образование, Емпатија, Комуникативност, Флексибилност, Толерантност, Психичка стабилност, Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара

работа во Центарот за вработување-Струмица, Лицето да припаѓа на една од целните групи, Стручно квалификувани одговорни и комуникативни лица.

2. **Работно место 1**: **<u>Личен асистент на ученик со попреченост вклучен во редовен образовен процес во средно образование</u>**/ со следниве работни задачи:

- Четири часовно дневно ангажирање во СОУ "Јане Сандански" Струмица и СОУ "Димитар Влахов" Струмица;

- Пружење помош и поддршка на ите и нивна придружба за време на наставниот процес и олеснување во надминување на физички пречки за време на наставата;

- Пружење помош и поддршка на наставниците преку асистирање во реализацијата на наставните активности во делот на надминување на физички пречки и олерснување на пристапнасто за следење на наставата;

- Помош и подршка на родителите преку соработка со истите;

-Соработка со заедницата;

-Соработка со стручните соработници и инклузивен тим на ученикот

**Позиции за работно место 1: 3 (три) позиции**

1 (една) позиција во СОУ "Јане Сандански" Струмица и 2 (две) позиции во СОУ "Димитар Влахов" Струмица;

Потребни квалификации и занимања за Работно место 2: со Завршено средно образование, Емпатија, Комуникативност, Флексибилност, Толерантност, Психичка стабилност, Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара работа во Центарот за вработување-Струмица, Лицето да припаѓа на една од целните групи, Стручно квалификувани одговорни и комуникативни лица.

3. **Работно место 1**: **<u>Негувател/негувателка</u> во "Клуб на семејства со деца и лица со Даунов синдром"**/ со следниве работни задачи:

-Четири часовна поддршка на активности за грижа, рехабилитација и социјализација на лицата во "Клубот на семејства со деца и лица со даунов синдром", кој функционира во рамките на Здружение за помош и поддршка на лица со Даунов синдром "Вера" – Струмица".

-Учество во реализирање на одредени содржини со корисниците и активно учество при изведување на одредени програмски активности.

-Стимулација и поддршка на семејството за надминување на ситуацијата на социјална изолација.

-Слободни и дополнителни активности од културно – општествен карактер.

-Активна соработка со стручни служби во Клуб на семејства со деца и лица со даунов синдром, кој функционира во рамките на Здружение за помош и поддршка на лица со Даунов синдром "Вера" – Струмица"

**Позиции за работно место 3:  1 (една) позиција**

Потребни квалификации и занимања за Работно место 1: Средно образование, Емпатија, Комуникативност, Флексибилност, Толерантност, Психичка стабилност, Одговорност, Принципиелност, Евидентирано невработено лице кое активно бара работа во Центарот за вработување-Струмица, Лицето да припаѓа на една од целните групи, Стручно квалификувани одговорни и комуникативни лица.

Заинтресираните невработени лица  Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да поднесат во Агенција за вработување-Центар за вработување Струмица во периодот од 08.08.2023 година до18.08. 2023 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Општина Струмица  и избраниот кандидат.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во Општина Струмица кај лицето Нела Масалковска , Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување Струмица кај лицето Ефче Димова,  Центар за социјлна работа Струмица кај лицето Елисавета Јајналиева.

ГРАДОНАЧАЛНИК

на Општина Струмица

Костадин Костадинов